# СТИРОКОЛ П

*Лепило за лепење и глетување на плочи од експандиран полистирен (стиропор), екструдиран полистирен, пресувана минерална или камена волна*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За лепење на термоизолациони плочи изработени од експандиран полистирен (стиропор), екструдиран полистирен, пресувана минерална или камена волна, како и за глетување на површините при изработка на термоизолационите фасади.

## СВОЈСТВА

- Одлична атхезија
- Водоотпорен
- Одлична јакост на притисок
- Одлична јакост на свиткување
- Еластичен
- Едноставен за приготвување и изведба
- Економичен

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | сив прашок |
| W/M фактор (вода/ материјал) | - | 0,22-0,24 |
| Атхезија за подлогата по 28 дена од вградување | - | ≥ 1MPa |
| Јакост на притисок | - | по 3 дена: > 4MPa<br>по 28 дена: > 10MPa |
| Јакост на свиткување | - | по 3 дена: > 2MPa<br>по 28 дена: > 3MPa |
| Отворено време за обработка на температура од 20°C | - | 30 min |
| Почеток на врзување на 20°C, релативна влажност од 65% | - | 12h |
| Крај на врзување на 20°C, релативна влажност од 65% | - | 16h |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да биде здрава, цврста, чиста, без масти и прашина, без лабилни делови, соли и мувла. Стирокол П може да се нанесе на подлога од бетон, на ѕидарија од керамички блокови, леснобетонски блокови, камен или на малтерисана површина. Кај старите малтерисани површини треба да се провери јакоста и атхезијата на целата површина, при што треба да се отстранат сите лабилни и ронливи позиции до здрава подлога. Доколку е потребна санација на отворените позиции препорачуваме таа да се направи со Репаратур малтер Ф1. Постоечките премази не се соодветна подлога за вградување на Стирокол П, поради тоа што овие премази треба претходно да се отстранат од подлогата со стругање, а потоа да се изведува обработката. Површините со појава на мувла, лишаи и слично потребно е претходно да се исчистат. Температурата на подлогата треба да биде од 5-35°C. Стирокол П не треба да се изведува на дожд или на силен ветер.

ГРАДЕЖНИ ЛЕПИЛА



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

**ВГРАДУВАЊЕ**

Стирокол П се подготвува со вода при што смесата постојано се меша до потполно воедначување. По замешувањето се остава да одлежи 10-15 min, па повторно се промешува. Вградувањето е со мистрија, глетарка или шпахтла. Лепењето со Стирокол П може да се изведе точкасто или површински. Точкастото нанесување подразбира нанесување на подебел слој по обемот на плочата и три точки во средната зона на изолационата плоча. Површинското нанесување подразбира нанесување на Стирокол П по целата површина со назабена глетарка, со забци од 15 mm. Доколку површината на која се лепи термоизолацијата има нерамнини, треба да се очекува поголема потрошувачка на материјалот за лепење на термоизолационите плочи. При лепење на термоизолацијата, потребно е плочите да се поставуваат рамно и збиено со цел да се намали појавата на отворени фуги (термички мостови). Поставувањето на плочите треба да се изведе по принцип на ѕидање, со избегнување на секоја можност за преклопување на фугите по хоризонтала и вертикала.
Глетувањето на залепените термоизолациони плочи се изведува во два слоја со вметнување на безалкална мрежичка помеѓу слоевите. Првиот слој од Стирокол П се нанесува со челична глетарка во дебелина на слојот од 1,5-2,0 mm. Во свежиот слој, со метална глетарка се втиснува безалкална мрежичка. По врзувањето на првиот се нанесува и вториот слој на Стирокол П (~16h по вградувањето на 20°C), со иста дебелина на слојот како и првиот. Кај тероизолационите фасади, завршната фасадна обработка се изведува на потполно сув слој од Стирокол П.
Обработените површини треба да се заштитат од сонце, силен ветер, дожд и прашина во период од 24h по вградувањето. Заштитата на површините е со завеси.

## ПОТРОШУВАЧКА

за лепење – 4,0-6,0kg/m²
за глетување – 3,0-4,5kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

вентил вреќи од 25kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5-35°C. Рок на употреба: 12 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и очите, како и директно вдишување на прашокот. При контакт на производот со кожата, треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот дојде во контакт со очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Производот е незапалив.
Чистење и депонирање: Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот за нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk